# Известување за постоење на конфликт на интерес

Акционерот Сашко Блажевски од Скопје, врз основа на член 392-а став 4 од Законот за трговските друштва, како акционер во Прилепска пиварница А.Д. Прилеп, ул„Цане Кузманоски“ бр. 1 Прилеп, со вкупен број од 36 акции со право на глас го информира Управниот односно Надзорниот одбор на Друштвото, дека кај полномошник Владимир Блажески постои конфликт на интерес за седницата на свиканото Собрание на Прилепска пиварница А.Д. Прилеп која ќе се одржи на 29.05.2019 година во 12:00 часот во просториите на друштвото.

Властодавецот Сашко Блажевски е вработен во Прилепска пиварница А.Д. Прилеп на раководна позиција Директор на продажба и е член на Управен одбор, па од овие причини акционерот обелоденува на акционерите за постоењето на ваквиот конфликт на интерес.

Согласно член 392-а, став 4, алинеја 2, полномошникот Владимир Блажески во издаденото полномошно има добиено конкректни инструкции за гласање за секоја од предложените одлуки по точките од дневниот ред на седницата на собранието.